Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 82 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 28 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од осумдесет и втората седница на Државната изборна комисија**

Осумдесет и втората седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 28 март 2014 година ( петок ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 14:25 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Билјана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 81 – та Седница на ДИК одржана на 27.03.2014 година;**
**2. Утврдување на формата и содржината на гласачкото ливче за избор на претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година;**
**3.Предлог Финансиски план за распределба на средства за избор за претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година и за предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на 27.04.2014 година.;**
**4.Предлог Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план, бр.02-394/1 од 14.02.2014 год. и 02-394/3 од 12.03.2014 год.,за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности;**
**5.Предлог Годишен план за измена и дополна на Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности;**
**6.Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Полска и Македонски центар за култура и развој за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година;**
**7.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**
**8.Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;**
**9. Предлог Заклучок за запишување на лица во Избирачкиот список и**
**10.Разно.**

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.

Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред на 82 – та Седница на ДИК.**

**Точка 1:**

**Разгледување и усвојување на Записникот од 81 – та Седница на ДИК одржана на 27.03.2014 година.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по предложениот Записник од 81 – та Седница на ДИК. Никој не се јави за збор и Записникот е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Записникот од 81 – та Седница на ДИК одржана на 27.03.2014 година.**

**Точка 2:**

**Утврдување на формата и содржината на гласачкото ливче за избор на претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, пред да отвори расправа по оваа точка даде вовед за формата и содржината на гласачкото ливче за избор на претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година. Гласачкото ливче ДИК го разгледа во повеќе варијанти и една од варијантите е дека гласачкото ливче ќе биде исклучиво печатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а во општините во кои најмалку 20 % од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, гласачкото ливче ќе се печати покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа општина. Ќе има еднојазично, двојазично и тројазично гласачко ливче. Во главниот текст во кој се сите 4 кандидати ќе биде: под реден број 1 името и презимето, Ѓорѓе Иванов, а под името и презимето ќе пишува " 55 пратеници " , под реден број 2 името и презимето, Иљаз Халими, а под името и презимето ќе пишува " група избирачи " , под реден број 3 името и презимето, Стево Пендаровски, а под името и презимето ќе пишува " 38 пратеници " и под реден број 4 името и презимето, Зоран Поповски, а под името и презимето ќе пишува " група избирачи " .

Се отвори расправа. За збор се јавија:

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека се предлага гласачкото ливче да биде како што објасни Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, односно да биде утврдено согласно Изборниот законик и прифатените листи на кандидат за претседател на Р.Македонија. Вака предложено гласачкото ливче ги содржи сите елементи од Изборниот законик. Имаше и други предлози, но гласачкото ливче треба да биде што поедноставно и поразбирливо за граѓаните кои ќе гласаат. Смета дека вака предложено гласачкото ливче треба да се усвои.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, која кажа дека денес ДИК на дневен ред има утврдување на формата и содржината на гласачкото ливче за избор на претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година. Добро е да се има Заклучок дека се утврдува формата и содржината на гласачкото ливче и прилог треба да бидат специмените кои ДИК сега ќе ги усвои и така ДИК ќе има акт. Исто така ДИК ја има утврдено и позадината на гласачкото ливче која ќе биде за првиот круг за избори на претседател на Р.Македонија , на специменот под број 1 – зелена , а за вториот круг под број 5 – кафеавкасто жолтеникава, за да се разликуваат. Содржината на гласачкото ливче е добра. Во општините каде има двојазичност или тројазичност, односно во кои најмалку 20 % граѓаните зборуваат службен јазик

различен од македонскиот јазик, ДИК веќе има пракса од порано, гласачкото ливче ќе биде и на јазикот на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. ДИК на време ја утврдува содржината на гласачкото ливче и на време ќе бидат испечатени ливчињата.

- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа дека сака да зборува во однос на правно видување и толкување на Изборниот законик. Го чита членот 59 ставовите (2) и (3). Во Изборниот законик пишува " избирачи или пратеници " а не "група избирачи " . ДИК утврдува дека се исполнети условите ( најмалку 10 000 избирачи или 30 пратеници ) и се потврдува дека предложениот кандидат влага во трката. Потоа го чита и членот 93 став (2) од Изборниот законик. На работен состанок на ДИК е кажано дека за претседателските избори во 2009 година било вака како сега со ставање на бројот на пратеници на пр. " 55 пратеници " кај Ѓорге Иванов или " 38 пратеници " кај Стево Пендаровски. Според нејзиното толкување на законот не треба да стои бројот пред " пратеници " но ќе го поддржи мислењето на останатите членови на ДИК заради тоа што така било и во 2009 година.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, се заблагодари на искажаното размислување на Виолета Дума и секој од Членовите на ДИК го има тоа право. Но добро е што таа ќе се вклучи во милењето на останатите Членови поради тоа што тој би сакал едногласно да се утврди формата и содржината на гласачкото ливче за избор на претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година.

- Анета Стефановска, член на ДИК, се повика на членовите 93 и 64 од Изборниот законик и ги прочита. Според неа со вака предложеното гласачко ливче се запазува Изборниот законик и затоа вака ДИК треба да одлучи.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека е " група пратеници " законска форма. До сега ДИК секогаш употребувала како сега " 55 пратеници " за Ѓорге Иванов и "38 пратеници " за Стево Пендаровски.

- Виолета Дума, Член на ДИК која кажа дека со самото тоа што кажала дека ќе гласа, значи дека нема да биде против предлогот за формата и содржината на гласачкото ливче за избор на претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година, но не ја убедиле дека пишува "група пратеници " треба да стои "пратеници " и не треба да стои бројот.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кој даде една сугестија. Во однос на печатењето на гласачкото ливче, " 55 пратеници " или " група избирачи " кои ќе стојат под редниот број и името и презимето на кандидатот да бидат во големина со која да не го засенуваат името. За ДИК е важно името и презимето на кандидатот а другото да не му го скрене вниманието на гласачот. Исто така од десната страна кај името и презимето ќе стои амблемот на кандидатот.

Од дискусиите произлезе следниот предлог за формата и содржината на гласачкото ливче за избор на претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година: под реден број 1 името и презимето, Ѓорѓе Иванов и од десната страна симболот, а под името и презимето ќе пишува " 55 пратеници " , под реден број 2 името и презимето, Иљаз Халими и од десната страна симболот, а под името и презимето ќе пишува " група избирачи " , под реден број 3 името и презимето, Стево Пендаровски и од десната страна симболот, а под името и презимето ќе пишува " 38 пратеници " и под реден број 4 името и презимето, Зоран Поповски и од десната страна симболот, а под името и презимето ќе пишува " група избирачи ". Се стави на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање, односно за утврдување на формата и содржината на гласачкото ливче за избор на претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година; Да се донесе Заклучок за утврдување на формата и содржината на гласачкото**

**ливче за избор на претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 3:**
**Предлог Финансиски план за распределба на средства за избор за претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година и за предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на 27.04.2014 година.;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, предложи по точката 3, **Точката 4: Предлог Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план, бр.02-394/1 од 14.02.2014 год. и 02-394/3 од 12.03.2014 год.,за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности и Точката 5:Предлог Годишен план за измена и дополна на Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности,** со оглед дека се една со друга поврзани да се води заедничка расправа, а ќе се произнесат за секоја точка поединечно за што се согласија Членовите на ДИК. Збор му даде на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека ДИК пред два дена доби од Министерството за финансии писмо дека на ДИК и се официјално одобрени финансиски средства и поради тоа се врши измена на Финансискиот план за распределба на средства за избор за претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година и за предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот план, бр.02-394/1 од 14.02.2014 год. и 02-394/3 од 12.03.2014 год.,за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности и Годишниот план за измена и дополна на Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности. Од вкупно 245.430.000 денари кои беа одобрени од Буџетот, имавме дополна од 100.000.000 денари и кога се распишаа парламентарните избори дополна од 70.000.000 денари, односно вкупно 415.430.000 денари се средства за избор за претседател на Република Македонија и за предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија. Се работи за околу 7 милиони евра, а ДИК побара над 8 милиони евра, но со овој буџет ДИК ќе располага за двата избори. Доколку има потреба, ДИК има писмо дека ќе и бидат обезбедени и други средства. ДИК треба да ги донесе овие акти кои се прилагодени на добиените средства. Вака како се предложени треба да се усвојат.

Се стави на гласање по Точката 3:Предлог Финансискиот план за распределба на средства за избор за претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година и за предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на 27.04.2014 година.

Во моментот на Седницата се присутни 6 членови на ДИК.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ прифаќање на Финансискиот план за распределба на средства за избор за претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година и за предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на 27.04.2014 година.;**

Се стави на гласање по Точката 4: Предлог Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот план, бр.02-394/1 од 14.02.2014 год. и 02-394/3 од

12.03.2014 год.,за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот план, бр.02-394/1 од 14.02.2014 год. и 02-394/3 од 12.03.2014 год.,за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

Се стави на гласање по Точката 5:Предлог Годишниот план за измена и дополна на Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на Годишниот план за измена и дополна на Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности.**

**Точка 6:**
**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Полска и Македонски центар за култура и развој за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, објасни дека за овие акредитации има од службите подготвен преглед и во барањата е доставена потребната документација. Барањата се во согласност со критериумите за акредитација. Исполнети се условите за усвојување на овие барања за акредитација.

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ги стави Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Полска и Македонски центар за култура и развој за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година,на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Полска и Македонски центар за култура и развој за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година.**

**Точка 7:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски предложи за точката 7 и **Точката 8:Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии и Точката 9:Предлог Заклучок за запишување на лица во Избирачкиот список ;** поради тоа што се непосредно поврзани, како и на претходната Седница, да се води заедничка расправа, а ќе се одлучува за секоја точка одделно.Даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде објаснување по овие точки од дневниот ред.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека има Преглед на евентуално одобрени решенија по поднесени пријави за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии за оваа Седница на ДИК, за сите три Изборни единици

7,8 и 9, а кои се од стручните служби обработени на 28.03.2014 год. Бројот на позитивните решенија е 2180 и тоа се пријави кои се прифатени. Бројот на решенија за одбиени пријави е вкупно 49 од кои 11 решенија за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со звездичка и немаат приложено докази а 38 лица ги нема во Избирачкиот список. Едно лице е дополнително запишано по проверките кои се направени и изготвен е ИС 1 образец и може да биде прифатен. Се проверуваат сите одбиени пријави, се читаат лицата по име и презиме и основот по кој е одбиена пријавата. По направената проверка, констатира дека Стручната служба добро утврдила дека одбиените лица не ги исполнуваат условите за прифаќање на пријавите, ДИК правилно постапува и овие пријави треба да бидат одбиени.Исто така треба да бидат прифатени позитивните решенија.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи даде образложение по точката 8 од дневниот ред. Јавниот увид трае до 30 март и ова се ИС обрасците на ден 28.03.2014 година.За Образецот ИС 1 – Запишување во Избирачкиот список има вкупно 2 решенија ( се читаат по ред, по подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ), за Образецот ИС 2 – Бришење од Избирачкиот список има вкупно 139 решенија ( се читаат по ред, по подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ) и за Образецот ИС 3 – Промени во Избирачкиот список има вкупно 11 решенија (се читаат по ред, по подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ). Овие решенија треба да се усвојат и со Заклучокот да се достават до Државниот завод за статистика.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи продолжи со образлагање и по **Точката 9:Предлог Заклучок за запишување на лица во Избирачкиот список**; Во врска со овој Заклучок се работи за едно лице кое ДИК треба да го прифати и сите тие кои ги исполнуваат условите треба да се запишат во Избирачкиот список а потоа ДИК ќе ја прифати и пријавата за гласање во дијаспората.

Расправата по трите точки од дневниот ред се затвори. Прво се гласаше по **Точка 7:**Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 се ставени на гласање.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9.**

Се стави на гласање по **Точка 8:** Предлог Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

Се стави на гласање по **Точка 9:** Предлог Заклучокот за запишување на лица во Избирачкиот список;

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Заклучокот за запишување на лица во Избирачкиот список. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 9:**
**Разно**

По точката “ Разно “ се јави за збор:

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој праша за печатот дали е земен од ОИК Велес и одговорено му е дека е земен и дека ќе се повикаат сите ОИК да ги земат печатите.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК кажа дека врз основа на конкретни јавувања од страна на некои иселеници во некои места во странство се вршела агитација, односно се влијаело на граѓаните да даваат документација за пријавување. Тој се плашел од почеток на злоупотреба во врска со процедурата за пријавување, едно лице да носи повеќе пријави и да пријави повеќе лица. ДИК треба да се преиспита во врска со известувањето кое го има доставено до МНР и поради тоа што има злоупотреби ДИК треба да го повлече ова известување. Предлага да се повлече известувањето едно лице да носи повеќе пријави и да пријави повеќе лица, од ДКП. Бара ДИК да го стави предлогот на гласање и сега да се произнесе.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека ова беше вака за претседателки избори и треба да продолжи и за парламентарни избори едно лице да може да достави пријави од повеќе лица до ДКП.ДКП ги прима пријавите и ги доставува до ДИК. Во ДИК службите вршат контрола а потоа и на Седница на ДИК се разгледуваат пријавите и се усвојуваат Решенијата. Тука нема злоупотреба. ДИК прави да биде едноставно и секој граѓанин да може да гласа. Ако сега на 28.03.2014година донесеме поинаква пракса, а има уште два дена за пријавување ќе биде многу лошо и за критика.Ќе се спречат граѓаните да гласаат. До сега ДИК нема добиено писма за злоупотреба.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК кажа дека оваа благородна иницијатива на ДИК е во голема мера прифатена но факт е дека има злоупотреби. Има уште три дена и тој смета дека ова треба да се повлече.Има интернет и на тој начин може да се достават документи.Бара да се повлече.
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека целта за гласање на дијаспората е како да им се олесни на луѓето да гласаат. Има два начина, еден е со пријавување во ДКП и вториот на интернет.Ова решение заедно сите членови на ДИК го прифатија. Има уште два дена и не би било логично сега да се повлече. За еден граѓанин лично да се пријави, треба да ја остави работата и да оди да се пријави.За ДИК е битно дека пријавите кои се доставени до ДКП се уредни или не. Сигурно има делувања од страна на партии во странство но за него е битно, не колку ќе се пријават туку колку лица ќе гласаат.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК кажа дека наши иселеници му соопштуваат дека им се јавуваат организирани луѓе и бараат да им предадат лични карти или пасоши за пријавување. Тој имал повеќе вакви информации и бара ДИК да излезе со конкретно решение и да го повлече писмото кое го доставила до МНР. ДИК треба да се држи до словото на законот. И преку интернет не е пречка и проблем да се пријавуваат граѓаните.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека ова намерно се прави од страна на ВМРО – ДПМНЕ.Нема докази, нема писма и од каде се јавиле овие луѓе и каде е злоупотребата.
- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа само кратко дека нема логика некој низ државата Италија да шета и да носи документи кога секој има меил и нека прати документи.
- Виолета Дума, Член на ДИК , кажа дека ги сослуша дискусиите. ДИК тука ги разгледува пријавите и ДИК е последен филтер. Ова што се зборува е кампања во странство и кој ќе се надмудри. Во членот 50 – а став (8) од Изборниот законик, (го чита) а и никаде во Изборниот законик не пишува лично да се доставаат пријавите. ДИК ги проверува тука документите и треба да води сметка да не помине некој неисправен документ.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека му се јавиле дека се давани насоки да не се примаат пријавите во ДКП. Бара Претседателот на ДИК итно да се јави во МНР и државниот секретар на МНР да сноси одговорност.
- Бедредин Ибраими, кажа дека е за него единствен Изборниот законик и ДИК ќе го спроведува. Да провери Претседателот на ДИК и да укаже дека МНР треба да го спроведе нашето писмо. Убаво објасни Виолета Дума дека во Изборниот законик нигде не пишува лично да се доставaт пријавите.

Претседателот на ДИК ја затвори дискусијата и Предлогот на Влатко Сајкоски, Член на ДИК да се повлече писмото доставено до ДКП дека едно лице може да носи повеќе пријави и да пријави повеќе лица, го стави на гласање.

**3 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа " ЗА " усвојување на Предлогот на Влатко Сајкоски, Член на ДИК да се повлече писмото доставено до ДКП дека едно лице може да носи повеќе пријави и да пријави повеќе лица, и 4 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа "ПРОТИВ " Предлогот на Влатко Сајкоски, Член на ДИК .**

**Се констатира дека Предлогот на Влатко Сајкоски, Член на ДИК да се повлече писмото доставено до ДКП дека едно лице може да носи повеќе пријави и да пријави повеќе лица, не е прифатен.**

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори осумдесет и втората Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**82-та седница на Државната изборна комисија заврши во 15:45 часот.**

**Број** 07-1247/2
31-03-**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**